АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на членот 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20 и 77/21), се доставува:


Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PËR SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP

| Примено / Pranuar: 20.07-2022 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
| 10 | 2887 | 1 | |


## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** контролен;
2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје;
3. **Период опфатен со надзорот:** 21 и 26 април 2022 година;
4. **Датум на извршување на надзорот:** 20 јули 2022 година;
5. **Предмет на надзорот:**
   - **Член 53 ставови 5 и 17 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (*забрана за лажно претставување производи и услуги, и за невистинити и нечесни аудиовизуелни комерцијални комуникации*);
6. **Претходно изречена мерка: /**

*На 15.04.2022 година, за непочитување на членот 53 став 5 и став 17 алинеја 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата донесе решение за изрекување мерка – јавна опомена (Уп1. бр. 03-125 од 15.04.2022 година) на Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје.*

*Со изречената мерка, му наложи на радиодифузерот веднаш по приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*

7. **Констатации од надзорот:**

Со контролниот надзор врз телевизискиот програмски сервис на ТРД КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје, емитуван на 21 и 26 април 2022 година, на државно ниво, **констатирано е дека не постапил по решението за изрекување мерка - јавна опомена, односно не ја отстранил извршената повреда на член 53 став 5** (забранети се аудиовизуелни комерцијални комуникации со кои лажно ќе се претставува природата, карактеристиките, квалитетот или географското потекло на производите, услугите или комерцијалните дејности) **и став 17 алинеја 2** (аудиовизуелните комерцијални комуникации треба да бидат: вистинити и чесни, да не ја заведуваат јавноста и да не се против интересите на потрошувачите) **од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

Во телешопинг спотови за додатокот на исхрана „Простатол комплекс 500 мг.- 30 капсули" („Prostatol complex" 500 mg.) и за храната со посебна нутритивна употреба - диететска храна за посебна медицинска намена „Алерго Протект - 500 мл." („Allergo Protect 500 ml."), на операторот со храна „Натура терапи" ДООЕЛ Скопје, емитувани на 21 и 26 април 2022 година, се користени вербални искази што сугерираат здравствени тврдења за превенција или спречување болести што се спротивни на одредбите од Законот за безбедност на храната и Правилникот за посебните барања за безбедност на додатоците на исхрана. Со телешопинг спотовите лажно се претставуваат природата и карактеристиките на производите „Простатол комплекс 500 мг.- 30 капсули" и „ Алерго Протект 500 мл.", односно тие не се вистинити и чесни, ја заведуваат јавноста и се против интересите на потрошувачите.

Констатациите во Извештајов се базирани на стручната анализа врз изјавите употребени во аудиовизуелните комерцијални комуникации регистрирани со мониторингот на АВМУ на овој програмски сервис, изработена од Агенцијата за храна и ветеринарство, како надлежен орган за вршење на работите од областа на безбедноста на храна (дадена во прилог - наш арх. бр. 03-1906/2 од 13.7.2022 г.). АХВ ја изработи стручната анализа на барање на АВМУ[1], а врз основа на Меморандумот за соработка потпишан меѓу двете институции.

| Опис на содржината | Датум | Период на емитување | |
|---|---|---|---|
| | | почеток | крај |
| „Простатол комплекс 500 мг.- 30 капсули" телешопинг спот | 21 април | 9:15:44 | 9:19:41 |
| | | 12:38:38 | 12:42:36 |
| | 26 април | 9:14:08 | 9:18:05 |
| | | 12:43:29 | 12:47:26 |

| Опис на содржината | Датум | Период на емитување | |
|---|---|---|---|
| | | почеток | крај |
| „Алерго Протект - 500 мл." телешопинг спот | 21 април | 12:33:15 | 12:37:58 |
| | 26 април | 12:38:06 | 12:42:49 |

## 8. Опис на прекршувањето:

**Спротивно на членот 53 став 5 и став 17 алинеја 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**, на телевизискиот програмски сервис на ТРД КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје, на 21 и 26 април 2022 година, се емитувани телешопинг спотови за „Простатол комплекс 500 мг.- 30 капсули" и „Алерго Протект - 500 мл.", од операторот со храна „Натура терапи" ДООЕЛ Скопје, во кои лажно се претставуваат природата и карактеристиките на производите, односно аудиовизуелните комерцијални комуникации се невистинити и нечесни, со што ја заведуваат јавноста и се против интересите на потрошувачите.

- [1] Барање стручно мислење од Агенцијата за храна и ветеринарство, бр. 03-1906/1 од 06.05.2022 година.

**9. Предлог мерка:**

- И покрај решението за изрекување мерка – јавна опомена, донесено на 15.04.2022 година, Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје не ја отстрани повредата, односно продолжи со вршење на повредата од членот 53 став 5 и став 17 алинеја 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

  Оттаму:

- **Во согласност со членот 23 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата да донесе предлог за поведување прекршочна постапка.**

***Сектор за програмски работи***

Република Северна Македонија
Агенција за храна и ветеринарство

АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО

13.07.2022
03 1906/2 1

Бр.23-2124/1
05.07.2022 год

III Македонска бригада бр.20
1000 Скопје,
Република Северна Македонија

Тел. (02) 2 457 895
Факс: (02) 2 457 893
Е-пошта: info@fva.gov.mk
Сајт: www.fva.gov.mk

До:
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги на Република Северна Македонија
ул. Македонија бр.38
1000 Скопје

Предмет: Анализа

Почитувани,

Согласно Вашето барање, Агенцијата за храна и ветеринарство, направи стручна анализа на рекламни спотови и комерцијални презентации од операторот Натура Терапи ДООЕЛ Скопје, при што констатирано е дека операторот Натура Терапи врши несоодветно претставување на производи на телевиски канали и тоа:

1. Производ: Prostatol complex 500 mg – 30 капсули, производител Натура Терапи ДООЕЛ Скопје (Производот во Агенција за храна и ветеринарство е регистриран како додаток на исхрана).

Производот се рекламира, презентира и претставува на телевиски канал Сител.

1.1. Во комерцијална презентација фолдер Sitel – Prostatol complex, (Ваше ЦД), под број 2 означен како <u>Prostatol complex</u> во времетраење од 1min. 58s.

- На 0:00:50 од страна на асистент Ненад Горгиевски производот е претставен како: Вербален исказ – цитирам “доколку сакате да го решите проблемот со честото мокрење”.

✓ Прекршен членот 7 став 2 од Правилникот за посебните барања за безбедност на додатоците на исхрана „При означувањето, презентацијата и рекламирањето на додатоците на исхрана не треба да им се припишува својство на превенција, третман или лекување на одредени заболувања кај луѓето или да се упатува на такви својства.

✓ Прекршен членот 30 од ЗБХ, став 2, точка 1: „изјави што се однесуваат на отстранување, намалување или спречување на болести.

- На 0:00:59 од страна на асистент Ненад Горгиевски производот е претставен како: Цитирам: "Неинвазивен, безбеден и целосно природен начин, кој што со земање на 1 капсула во денот ќе ви помогне да го подобрите здравјето на вашата простата".
  - ✓ Бидејќи се работи за додаток на исхрана, не може при рекламни цели да се користи зборот „подобрите" бидејќи е спротивно на дефиницијата за додатоци на исхрана според член 3 од Правилникот за посебните барања за безбедност на додатоците на исхраната и спротивно на член 30 став 2 алинеа 1 од Законот за безбедност на храната.
  - ✓ Во здравственото тврдење заштита и одржување на нормална функција на простатата и здравјето на уринарниот систем, здравственото тврдење заштита како збор не е нагласен во Решението УП 1 бр. 20-3085 од 06.07.2021 година, односно не е во склоп на ниту едно специфично здравствено тврдење.

- На 0:01:11 од страна на асистент Ненад Горгиевски производот е претставен како вербален исказ – цитирам:

-Ќе ја намали потребата од честото мокрење во текот на ноќта.

-Ќе ја зголеми силата на урината во текот на мокрењето

-Ќе помогне во враќање на големината и функцијата на простатата

✓ Прекршен членот 30 од ЗБХ, став 2, точка 1: „изјави што се однесуваат на отстранување, намалување или спречување на болести" .

✓ Прекршен членот 7 став 2 од Правилникот за посебните барања за безбедност на додатоците на исхрана „При означувањето, презентацијата и рекламирањето на додатоците на исхрана не треба да им се припишува својство на превенција, третман или лекување на одредени заболувања кај луѓето или да се упатува на такви својства.

- На 0:01:53 изјава на трето лице

Вербален исказ – цитирам: за мене нај голем проблем преставуваше кога не можев убаво да се измокрам, но кога почнав да го користам „Простатол комплекс" млазот од мојата урина е повторно силен како во моите 20 – тина години.

✓ Прекршен членот 30 од ЗБХ, став 2, точка 4: „изјави на трети лица особено благодарници, пофалби, или препораки ако се однесубваат на отстранување или намалување на болести.

✓ Прекршен членот 7 став 2 од Правилникот за посебните барања за безбедност на додатоците на исхрана „При означувањето, презентацијата и рекламирањето на додатоците на исхрана не треба да им се припишува својство на превенција, третман или лекување на одредени заболувања кај луѓето или да се упатува на такви својства.

2. Производ: Allergo Protect – 500 ml, производител Натура Терапи ДООЕЛ Скопје (Во Агенција за храна и ветеринарство производот Алерго Протект е регистриран како храна со посебна нутритивна употреба - диететска храна за посебни медицинска намена)

2.1 Во комерцијална презентација фолдер – Allergo Protect, (Ваше ЦД), под број 3 означен како Allergo Protect во времетраење од 3 min. 57s.

На 0:01:47 цитат Алерго Протект содржи уникатна комбинација на растителни екстракти (екстракт од див ѓумбир, црн кардемон, кинеска туја, коприва алое вера, бромелаин и витамини Д) за регулирање на имунолоши реакции при алергии како воспалителни реакции на горните и долнин респираторни патишта, секретот во органите за дишење, конјуктивит, отежнато дишење, спазам на дишни патишта, кашлица и алергиски реакции.

✓ изјава „за диететско регулирање....", каде што во празниот простор се пишува болеста, нарушувањето или медицинските состојби, за кои е наменета храната;

Но во самата изјава недостасува зборот диететско е задолжителен ( изјава „за диететско регулирање....")

При означувањето на диететската храна за посебни медицински намени покрај податоците утврдени во Правилникот за начинот на означување на храната треба да ги содржи и задолжителни податоци наведени во член 5 од Правилник за посебни барања за безбедност на храната за посебна нутротивна употреба диететска храна за посебни медицински намени

На 0:03:56 од страна на асистент производот е претставен како: Алерго протект може да се користи превентивно и при појава на алергиски реакции..

✓ Овој исказ не смее да се користи при рекламирање во комерцијални цели на производот, бидејќи храната со посебна нутритивна употреба диететска храна за посебни медицинска намена, не може да се користи превентивно

освен за веќе постоечка патолошка состојба на организмот (болеста, нарушувањето или медицинските состојби.

Со почит,

в.д Директор
Николче Бабовски

Изработил: Тања Ристевска
Одобрил:Ванчо Новоселски
Одобрил: Блажо Јаневски
Одобрил: Оливер Миланов

ДОСТАВЕНО ДО:
- АВМУ
- Архива на АХВ